| **Седмица:** 7<br>**Датум:** | **Час:** 3 | | **Тема** 2: **Работа со текст**<br>**Наставна единица: Уредување текст** | | | **Одделение:**<br>IV |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Распоред (делови од часот) | Цели на учење | Критериуми на успех (очекувани резултати) | Активности | | Ресурси (средства и материјали) | Доказ за постигнувањата |
| | | | Опис | Организациони форми | | |
| 5 мин. | Да се оспособи да одреди боја, големина, порамнување, стил на текст и да внесува и зачувува текст со различна поддршка за работа (латиница и кирилица); | **<u>Сите можат:</u>**<br>да воочат текст со различен изглед | Го разгледуваме текстот на стр. 68 во учебникот по македонски јазик. Ги насочувам учениците да го разгледаат изгледот на текстот и да забележат дека делови од текстот имаат различен изглед. Треба да направат споредба помеѓу насловот и текстот: да ја воочат големината на буквите, бојата на буквите, каде се наоѓа насловот, а каде текстот, да воочат дека на втората страна има слика.<br>Ја најавувам целта на часот: Ќе учиме како делови од текстот можеме да ги направиме со различен изглед. | З<br>метод на објаснување | ЛЦД проектор<br><br>Компјутери<br><br>Учебник | Дискусија |
| 30 мин. | | **<u>Повеќето можат:</u>**<br>да уредуваат текст (менуваат боја, големина, порамнување, стил на текст);<br><br>- да внесува и зачувува текст со различна поддршка за работа) | - На проектор ја прикажувам лентата која се наоѓа на горниот дел на работниот прозорец со алатки за уредување текст. Ја објаснувам функцијата на алатките. Ги потсетувам дека пред да се направи промена на дел од текстот, тој дел треба прво да се селектира.<br>• Активност за **уредување текст**.<br>- Учениците се поделени во парови, ги вклучуваат компјутерите и ја стартуваат програмата за работа со текст.<br>- Покажувам како се одбира на кој јазик ќе го пишуваат текстот – на македонски (кирилица), албански (латиница) или англиски (латиница) со клик на иконочето во долниот десен агол и со избирање на бараниот јазик.<br>- Треба да напишат наслов „Глаголи“ и три реченици со глагол во сегашно, минато и идно време.<br>- Барам да го уредат текстот според следните барања запишани на табла: Фонтот на речениците да биде Lucida sans и големина на фонтот да биде 12. Реченицата со глагол во сегашно време да ја направат да биде со црвена боја, реченицата со глагол во минато време со сина боја, а реченицата со глагол во идно време со зелена боја. Насловот да биде со друг фонт по избор, големината на фонтот 14, стилот со задебелени букви и насловот да го порамнат во центар. Речениците да бидат порамнети одлево. Документот треба да го зачуваат под име Moj prv dokument на работната површина. | метод на демонстрација<br><br>П<br>метод на работа со компјутер<br><br>метод на демонстрација | | Набљудување<br><br>Изработен документ<br><br>Набљудување<br><br>Изработен документ |
| 5 мин. | | **<u>Некои можат:</u>**<br>да објаснат како се уредува текст | Учениците ги објаснуваат постапките со кои го уредуваа текстот: селектирање дел од текстот, а потоа менување фонт, големина, стил (задебелено, курзив, подвлечено), боја на букви и порамнување текст. | И<br>метод на објаснување | | Набљудување |

obrazovanie.literatura.mk

| **Организација: Детали за поделбата по улоги / групи / возраста** | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | **Клучна терминологија** |
| --- | --- | --- |
| Воведен дел: Разгледување на изглед на текст во учебник<br>Главен дел: Активности за уредување текст и внесување текст со кирилични или латинични букви, работа со ученици кои имаат потреба од индивидуален пристап<br>Завршен дел: Резимирање на активноста за уредување на текстот. | Да се сработи дома активност бр 3. од учебникот на стр. 30. | Боја, големина, порамнување, стил, внесува, зачувува, поддршка за работа (латиница и кирилица). |

obrazovanie.literatura.mk